# АМБАСАДОРКАТА НА ЈАПОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, КЕИКО ХАНЕДА ВО ПОСЕТА НА ВИТАМИНКА

Амбасадорката на Јапонија во Република Македонија, Кеико Ханеда оствари работна посета на Витаминка во рамките на која таа имаше можност да ја разгледа и да се запознае со фабриката, производниот процес и познатите брендовите кои се во портфолиото на Витаминка. Во рамките на посетата Ханеда оствари средба и со Претседателот на Одборот на директори, Симон Наумоски кој високата гостинка ја запозна со производството во нашата фабрика, извозните активности, кои вклучуваат извоз на познатите брендови во над 30 земји, како и со плановите за натамошен развој. Притоа, тој истакна дека Витаминка е извозно ориентирана компанија која 45 отсто од своето производство го пласира во странство, во Европа, САД, Австралија и Арапските земји и постојано настојува да се шири на нови пазари.

Вкупната трговска размена на Република Македонија со Јапонија во периодот јануари - април 2018 година достигна вредност од 39,2 милиони САД долари, со раст од 21,2% во однос на истиот период од претходната 2017 година.

Јапонија е 28-ми трговски партнер на Р. Македонија во периодот јануари - април 2018 година.



# ПРИЗНАНИЕ ОД СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ЗА СИМОН НАУМОСКИ

Стопанската комора на Македонија традиционално како и секоја година и оваа додели награди и други признанија на компании членки кои во изминатата 2017 година оствариле позитивни резултати во работењето врз основа на однапред утврдени критериуми.

Специјално признание за долгогодишната коморска активност доби Симон Наумоски, претседател на Одборот на директори на Витаминка АД Прилеп. Признанието е доделено врз основа на досегашната работа на Наумоски, како истакнат и докажан бизнисмен, активен стопанственик и учесник во работата на Стопанската комора на Македонија на сите нивоа повеќе од 30 години. Тој се уште активно учествува во унапредувањето на кондиторската дејност преку Групацијата за кондиторски производи во рамките на Здружението за земјоделство и прехранбена индустрија.

Витаминка е на 39-то место на листата на најголеми работодавци, на 74-то место на листата најголеми компании во Република Македонија за 2016 година, согласно податоците од Централниот регистар на РМ и меѓу трите водечки компании од кондиторската дејност во земјата.

Претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески на доделувањето на наградите и признанијата потенцираше дека станува збор за фирми и личности кои имаат свој удел во домашната економија, посакувајќи секоја следна година да имаме што поуспешни и перспективни компании.

Награди и признанија во 11 категории добија 15 компании членки на Стопанската комора на Македонија.



# ЗА УСПЕХОТ ТРЕБА ДА СЕ ЗБОРУВА, НАТАША СТОЈКОВСКА НА ПРИЕМ КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ



По повод изборот на Марили за најуспешни жени менаџерки, за 2017 година, меѓу кои е избрана и Наташа Стојковска, директор на Набавка и логистика во Витаминка, градоначалникот Илија Јованоски организира прием и оствари средба со трите најуспешни менаџерки од Прилеп.

На средбата градоначалникот Јованоски се интересираше за способностите, активностите и задолженијата што придонесоа овие жени да бидат истакнати и избрани за најуспешни.

Тој честитајќи им за престижните награди и подарувајќи им цвеќе и пригоден подарок, дополни: „Тренд е во светот, посебно при крајот на овие две децении од новиот милениум, што повеќе жени да бидат менаџерки во разни компании, институции, фондации, агенции. Нивните менаџерски способности доаѓаат до израз сé повеќе и повеќе, а докажано е дека жените се подобри организатори и подобро управуваат и ракуваат со парите. Успешноста на нивната кариера сите ја знаеме, а се надевам дека тоа ќе продолжи и во иднина со посилно темпо“.

Покрај Стојковска, за жена менаџер беа избрани уште, Ирена Јакимоска, сопственичка на прилепската конфекција со мешовит македонско-англиски капитал „Комфи Ангел” и Јана Јанеска-Ристеска, генерален менаџер на Центар за современа ликовна уметност во Прилеп.



# РЕАЛИЗИРАН ЦЕВИТАНА АЛПСКИ КУП 2018 - МАВРОВО



Годинешниот Цевитана Алпски Куп 2018 поради крајно комплексните временски услови наместо на крај на февруари сепак успеа успешно да се реализираше на крајот на март, со што беше и последен во оваа сезона која изобилуваше со натпревари. За време на натпреварот кој беше одлично организиран, времето беше добро, но сепак јужниот засилен ветар не дозволи максимум снежни перформанси на патеката.

Во рамките на купот во алпско скијање, односно велеслалом, се натпреваруваа деца на возраст од 6 до 16 години, а годинава учество зедоа голем број деца од речиси сите клубови од Македонија, како и со гости од соседните Србија и Бугарија. Младите скијачи се натпреваруваа во категории на деца до 8, 10, 12, 14 и до 16 години, одделно за машки и женски велеслалом.
Најмлад натпреварувач беше Новак Калеников кој со своите 5 години се натпреваруваше во категорија за деца до 8 години. Технички организатор на натпреварите беше Алпски скијачки клуб СКАДИ од Скопје.

# ВИТАМИНКА ПОДДРЖУВАЧ НА ЧЕТВРТИОТ САМИТ НА FMCG




Со цел да ја унапредиме нашата работа, да ги поттикнеме промените во секторот каде што работиме и оваа година бевме посветени поддржувачи на четвртиот годишен самит на FMCG (Fast-moving consumer goods).

Главната тема на годинешното издание на самитот беше дигитализацијата како нов предизвик за компаниите. Во таа насока, своите знаења и искуства пред повеќе од 300 професионалци од средниот и топ менаџментот на македонските компании, ги споделија десет говорници, истакнати професионалци од секторот за трговија со стока за широка потрошувачка (FMCG) од Македонија, регионот, како и од Русија.

Сите тие даваа одговори на прашања како, дали разбираме како иновациите, дигитализацијата и големите бази на податоци влијаат врз работењето, како познавањето на трендовите да се претвори во предност на пазарот и како да се пронајде формулата за успех на пазарот?

Заклучок од самитот беше дека индустријата за трговија со стока за широка потрошувачка треба да се подготви за промени, а можните начини како компаниите да ги имплементираат овие промени беа презентиран од предавачите на самитот за ФМЦГ.

# АЛШАР 2018 ВЕЛОСИПЕДСКАТА ТРКА ПОДДРЖАНА ОД НАШИТЕ БРЕНДОВИ

Велосипедизмот посебно планинскиот велосипедизам станува се поатрактивна спортско рекреативна активност во земјава. Се повеќе луѓе го избираат како начин за рекреација, па дури и како алтернативен туризам. Во организирани групи, се собираат велосипедски ентузијасти од сите страни на земјава, а понекогаш и од соседните земји.

Алшар 2018 – Допри го Сонцето е една од таквите активности што подразбира тридневен настан со велосипедска тура, кампирање и забавна програма во природа и на отворено, во прекрасниот живописен предел на кавадаречко Мариово, на планината Кожуф.

И оваа година како организатор се јави здружението Тиквешки точакџии Кавадарци, а Витаминка со своите брендови беше таму како еден од поддржувачите на спортско-рекреативните активности, промовирајќи вредности како здрави животни навики и истражување на нашата земја преку алтернативен туризам.








## ФОТО НАТПРЕВАР

Роденденот на Стоби флипс го прославуваме и заедно со роденденско селфи. На фејсбук страната на Стоби флипс, нашите потрошувачи ни испраќаат фотографии направени на тема #РоденденскоСелфи со роденденското пакување, во кое ни покажуваат како тие го прославуваат роденденот на Стоби флипс. Најкреативните фотографии се објавуваат во албумот „Славиме 40 Години Стоби Флипс“ и се наградуваат секој ден соодветно.

Заедно славиме и се радуваме!
#40ГодиниСтобиФлипс, #НАСЕКАДЕ



# ГЛАВЕН ГРАД НА ТАГАТА - НОВАТА ПЕСНА НА ВЛАДО ЈАНЕВСКИ ЧИЈ СПОТ ГО ПОМОГНА ВИТАМИНКА

Најновата песна на нашата музичка легенда Владо Јаневски, „Главен град на тагата", доби и видео запис кој претставува уште еден резултат на соработката меѓу Витаминка и Јаневски. Спотот претставува и заеднички настап што ќе помогне за подобра промоција на Владо и Витаминка, како најсилни македонски бренда. Дадената поддршка од Витаминка е во насока на протежирање на македонската авторска музика и поттикнување на поголема креативност во музичката индустрија.

Владо Јаневски, кој важи за комплетен автор на најубавите и безвременски стихови од македонската поп музика, се потпишува како композитор и текстописец на песната, така што „Главен град на тагата" е уште една во низата музички изданија која сигурно ќе биде слушан летен хит. „Песната во себе носи убави и позитивни емоции, урбана приказна, ведар спот со поддршка од безвременски бренд како што е Витаминка. Значењето е уште поголемо затоа што не е само поддршка за мене како автор и уметник, туку е истовремено за македонската поп музика во целина. За нашата домашна музика би било добро и други компании да го следат примерот на Витаминка, која е синоним за квалитет, вредност и постојаност, бидејќи така поголем број убави македонски песни полесно ќе допрат до публиката", изјави Владо Јаневски.

Песната „Главен град на тагата" е уште едно авторско дело на Владо Јаневски, со аранжман на Роберт Билбилов и во продукција на Дарко Димитров. Режијата на спотот е потпишана од Бане Поповиќ а продукцијата на видеото е на Томато. Спотот е сниман во текот на јуни во Скопје на познати градски локации преку кои се пренесува и летната атмосфера, љубовта и младешкиот дух со кои зрачи и песната.

„Главен град на тагата" е третата песна на Владо Јаневски чиј спот е снимен со поддршката од Витаминка по спотовите за песните „Ајде води ме" и „Последна заблуда". Под закрила на Витаминка и Авалон, Владо ќе одржи голем концепт во Античкиот театар во Охрид на 2 Август.





# ВИТАМИНКА ГОДИНАВА ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ ФАБРИКА НА ЗНАЕЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ФОН

Витаминка годинава беше партнер на Универзитетот ФОН во проектот Фабрика на знаење во кој се спојуваат студентите, бизнис заедницата и јавните институции на едно место, во насока на реализација на поставените задачи. Фабрика на знаење на ФОН се организира од 2010 година и негова цел е да се создадат реални и квалитетни производи од страна на студентите, како зададена задача од партнерските компании кои учествуваат во проектот.

Поставената задача од страна на Витаминка за двата тима, составени од студенти од различни факултети и различни студентски години на Универзитетот, беше да се истражи пазарот во Скопје за зголемување на продажбата на кекситe Сарита.

Тимот А направи квалитетно истражување на примерок од 551 испитаници, при што беше поставен сет на едноставни прашања за препознавање на името на кексот Сарита, како и на тоа во кој дел од денот би консумирале ваков тип производ. Резултатите од истражувањето покажале дека 27 отсто од испитаниците знаат дека Витаминка произведува кекси Сарита, а 35 отсто од нив би го консумирале за појадок. Вториот тим, високо професионално направи осврт на компанијата и истражување на примерок од 150 испитаници со комплексен и содржаен сет прашања, меѓу кои и за импресиите на консументите врзани за квалитетот, вкусот, цената, фреквентноста на консумирање, пакувањата и друго на самиот производ.

Фабрика на знаење и учеството на Витаминка во овој проект даде многу корисни бенефиции. Пред сѐ укажа на тоа дека младите дадоа многу вредна анализа на нашиот производ. Исто така, нивните заклучоци од истражувањата содржат свежи идеи, предлози и насоки. Сето доведува до заклучок дека Македонија навистина има млади луѓе со креативна енергија и потенцијал да постигнат навистина многу во секое поле.

За својата работа тимот А доби Специјална награда за смел пазарен настап како „Лидер на пазарот, наспроти перцепцијата на имитатор на конкурентските производи“ бидејќи оценка на комисијата која ја претставуваше Витаминка беше дека овој тим направил добра анализа на пазарните услови и излезе со предлог. Додека пак, општ заклучок од страна на комисијата која ја претставуваше Витаминка беше дека тимот Б направил одлично конципирана анализа на пазарните услови, при што се добиени комплексни и корисни резултати. Поради сево ова предлогот од Витаминка беше на тимот Б како победник да му се додели признание за „Школски пример на анализа на пазар и препораки за имплементација на маркетинг микс“.





# УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ СЕКОЈДНЕВНО УЧАТ ОД ВИТАМИНКА

Витаминка веќе долго време е задолжителна дестинација за ученици и сите оние кои се во потрага по повеќе знаења и потврдени производствени стандарди. Безмалку секој ден во Витаминка може да забележиме некоја група деца од претшколска или школска возраст, средношколци или студенти кои разгледуваат, прашуваат и учат за тоа како се станува голем, како се постигнуваат врвни резултати и поставуваат стандарди.
Сите учат од Витаминка, малите учат за нивните омилени производи, средношколците и студентите за своите проектни задачи во рамките на кои се запознаваат со современи технолошки процеси. Предмет на нивните истражувања може да биде секој сегмент од работата на Витаминка, од производството, лабораторија, градење и создавање на безвременските брендови.

Така и последниов период во Витаминка беа гости ученици од основни и средни училишта, од Прилеп, Битола, Охрид и Скопје како и студенти сродните студиски насоки кои се занимаваат со проучувања на производството во прехранбена и кондиторска индустрија.

И сите тие си заминуваат со нови знаења и со една слика за Витаминка којашто е одраз на вистинското место и статус што го имаме на пазарот. И секако, со пакетче од највкусните и омилени производи.









# КОГА МИСЛАМ НА ВИТАМИНКА, МИСЛАМ НА ...

*Воведуваме нова рубрика во којашто нашите пријатели, познати и славни личности ни кажуваат што Витаминка значи за нив, кога и како се сретнале со некои од нашите производи, животни приказни, интересни случки или анегдоти. Започнуваме со Владо Јаневски, нашата музичка легенда и автор на најубавите и безвременски стихови од македонската поп музика.*

Владо Јаневски

Откако почнав да се занимавам со пеење мојата професија ме носела на сите четири страни на светот, секаде каде што има наш народ и јазик. Кога патувам на концерти, без разлика дали е во прашање Македонска Каменица или Мелбурн, мора да имам нешто при рака за грицкање или заблажување. Така обично на организаторите во списокот неопходни „реквизити“ им наведувам големи количини Стоби флипс и Атлантис, а после пеење (и озбилно потење) растворена портокал Цевитана.

И така веќе долги години наназад, испаѓа дека цел живот сум со Витаминка, а најдолго со тие црвените пакетчиња и оној крцкав звук со вкус на кикирики. И да, си признавам, од моите тинејџерски денови има таман 40 години како сум навлечен на Стоби флипс.




Настрана од приказната за вкусовите, не можев а да не се восхитам кога сум гледал како горенаведените производи успеваат да живеат на полиците на големите супермаркети и мали гранапчиња во најдалечните земји на глобусот. Да се родиш во Прилеп, а да те има и во Чикаго, Сиднеј, Њу Џерси, Стокхолм, Шангај, Франкфурт и каде ли уште не! Во мојот речник тоа се вика: Е тоа ти е, братче, светска фирма!

А за Балканот и регионов да не правам муабет: пред некоја година на пропатување низ Војводина решив да ја побарам кафеаната во едно село крај Бачка Паланка каде пред 30-тина години почнав да го печам својот занает пеејќи туѓи шлагери, додека уште само мечтаев за мои песни, мои концерти и полни арени. И нормално (многу вода протекло низ Дунав од тогаш) работите таму се промениле па кафеаната одамна веќе не е кафеана туку - самопослуга. Обземен од носталгијата по минатите времиња решив да влезам да видам како сега изгледа местото кај што првпат фатив микрофон во рака. А внатре на полиците се распослал целиот претходно наведен асортиман на Витаминка плус Дафинки и сите други Витанези … Во моментот ме преплавија емоции: ем што јас сум успеал во животот да почнам од нула во оваа кафеана на крај на светот, па сум стигнал до остварување на своите соништа, ем што сфатив дека сум во друштво и соработка со моќна компанија која успеала да влезе во домовите и срцата на луѓето на сите континенти, милионски велеградови и безимени селца подеднакво.

Бев горд и на себе и на мојата поврзаност со Витаминка за која се борат и луѓето од раководниот менаџерски тим, но и работниците во погоните, администрацијата, возачите… Сите нив, имав можност, на мое задоволство, да ги видам првпат пред две години кога љубезно бев поканет со моите музичари да одржам концерт во кругот на фабриката по повод нивната 60-годишнина. Тоа беше незаборавна вечер кога навистина се почувствував како да сум член на големото Витаминка семејство.

Моето ново семејство.

# ПЕСНИЧКИ ЗА ВИТАМИНКА

**Во царството на вкусот**

Во царството на вкусот
стигнавме со автобусот.
Миризбата мамеше,
Внатре нѐ канеше.

Чоколадите танцуваа,
од долги ленти излегуваа,
миризливи и вкусни
за гладните детски усти.

Во голема, бучна печка
Стоби Флипс се меша,
за потоа смело
да скокне во шарена кеса.

Витаминка произведи прави
за дечиња здрави,
за мене и за бато,
но јадат и мама и тато.

**Дарјан Пановски,**
*IV-3 одд. ООУ „Петар Пон Арсов" - Скопје*



Во градот Прилеп на една чистинка
се наоѓа фабрика со име ВИТАМИНКА.

Во неа се прават колачиња благи
за секое дете омилени и драги.

И солени грицки тамо се прават
во сите маркети се продаваат.

Но најмногу од се ми паднаа во око
топчињата во пакување СТОБИ ФЛИПС ЧОКО.

**Ана Андреска,**
*IV-3 одд. ООУ „Петар Пон Арсов" - Скопје*

**Песна за Витаминка**

Убав петочен ден тоа беше,
со автобус во Прилеп се одеше.
На екскурзија тргна нашиот клас,
по нови богати знаења за нас.

Витаминка беше нашата цел
да ја разгледаме ние дел по дел.
Прва станица, во сектор еден
производствен процес видовме вреден.

А таму долга и споена машина,
на која пченка се тркалаше како на бина.
Се автоматски во одделот течеше,
пченка и кикирики машината гмечеше.

Вториот сектор следеше на мапа,
каде моравме да носиме мантил и капа.
Слатките колачи дојдоа на ред,
убави и вкусни како мед.

Безброј слатки на лента седеа,
вработените во пакетчиња нив ги редеа.
Мешани вкусови од разни колачиња
ги задоволија моите гладни другарчиња.

Секое дете подарок си доби
ни помалку ни повеќе, туку Флипс Стоби.
Децата на заминување возбудени беа,
а патот до дома полн со радост и смеа.

**Матеа Карпузовска**
*IV-3 одд. ООУ „Петар Пон Арсов" - Скопје*





# ЗОШТО СТОБИ ФЛИПС 40 ГОДИНИ Е ОМИЛЕН

Азбучникот на Витаминка продолжува со Стоби флипс, омилениот флипс на многу генерации, нешто што се потврдува со годинешниот јубилеј. Стоби флипс слави 40 години, брендот којшто во 1978 година првпат беше произведен во Витаминка. 40 години Стоби флипс, 40 години откако стана омилениот македонски флипс, Стоби Флипс е производ со врвен квалитет, создаден преку совршен спој на пченкарен гриз, со прелив од мелена кикирика, сончогледово масло, сол и многу љубов.

Впечатливиот вкус го прави Стоби Флипс идеална ужина за секоја пригода, во секој дел од денот. Од неодоливата привлечност на вкусот кој потсетува на детството, преку неизбежната присутност во секој момент од животот, па сè до овој момент кога илјадници флипсови се грицкаат насекаде - Стоби Флипс претставува производ кој е омилен кај сите генерации!

Производот не содржи состојки од животинско потекло.

- Што е СТОБИ ФЛИПС-от?
- Од што е направен?
- Колку е тој квалитетен за консумирање?
- За кого е наменет за употреба?

Стоби флипс-т е производ на „Витаминка" од Прилеп, Република Македонија и во неа се произведува во најдмодерни машини, на најмодерна производна линија сета направена од прохромски челик. Се произведува во контиуниран, непрекинат процес на производство, без можности за некакво странично загадување.

Стоби флипс се произведува од суровините: гриз и брашно од царевка набавен од три добавувачи. Во неговиот состав се додадени уште: чисто сончогледово масло, печени мелени кикирики, мешавина од различни зачини и сол, и тоа по уникатна рецептура и уходан технолошки процес за него.

Во неговиот состав нема додадено и според тоа нема присутно хидрогенизирани масти кои се штетни. Исто така, во неговиот состав нема масти од палма кои по квалитет се далеку послаби од сончогледовото масло.

Во технолошкиот процес на производството на СТОБИ ФЛИПС-от сончогледовото масло се загрева на ниска температура, доста пониска од 90°C, никако и никогаш на 170-180°C.

Во технолошкиот процес се користи специјален тип на кикиритка која се печи и мели на наши машини во фабриката.

Во составот на СТОБИ ФЛИПС-от досега никогаш немало присутно ни  транс масни киселини, ниту глутен. Тие две штетни компоненти по здравјето на потрошувачите, ги немало досега и нема да ги има во составот ни во иднина.

Моментално „Витаминка" бара институција во Европа која отсуството на глутенот во овој наш производ со званични, во светот признати анализи тоа ќе го потврди. Во 40 години производство на СТОБИ ФЛИПС-от досега ни еден потрошувач од светот се нема пожалено кај нас од последици од глутенот врз неговото здравје.

Наменет е за употреба за сите возрасти на населението, постари од една година, ако тој се консумира во зрно, а ако се консумира како кашичка може да се употребува и за деца постари од 6-9 месеци.



# ПИЛЕШКО СО ПИРЕ ВО БРЗ СОС ОД ПЕЧУРКИ

Ова е јадење за целото семејство, кој и да го проба ќе ужива! Па, кога сакате да направите брзо и вкусно јадење, а немате доволно време за убав и вкусен ручек, рецептов за пилешко со пире во брз сос од печурки, кој го подготвивме во нашата кујна ќе ви се најде и тоа како!
Кога сакаме да направиме нешто брзо, секогаш бираме проверени состојки и вкусот не може да биде поинаков освен добар. Токму затоа, наша инспирација беа традиционално квалитетните производи на Витаминка. Се надеваме ќе уживате во вкусот како и ние, на здравје!



*Состојки:*

4 парчиња пилешко бело месо
мешан зачин Дафинка по потреба
црн бибер по потреба
масло Брилијант по потреба.

*За сос:*

300 грама маринирани шампињони
1 кесичка крем супа од шампињони од Витаминка
800 мл вода
100 мл кисела павлака.

*За инстант пире од компири:*

1 ќесичка инстант пире од Витаминка
½ литар вода
1 лажичка сол
¼ литар млеко
1 лажица путер.

**Подготовка:**

1. Пилешкото месо зачинете го со Дафинка, црн пипер и малку масло. Вака приготвениот стек оставете го во маринадата 15-тина минути, а најдобро е за време од неколку часа.
2. Во поголема нелеплива тава на оган ставете масло Брилијант да се загрее. Во загреаното масло пропржете го стекот од едната страна за време од 3-5 минути. Потоа стекот превртете го и продолжете со пржењето уште 3-5 минути.
3. Стекот извадете го од тавата.
4. Во тавата во која се пржеше стекот додајте ги исцедените маринирани печурки. Пропржете ги за време од 5 минути. Потоа во тавата додајте 300 мл вода и крем супата од печурки. Измешајте за да се раствори супата. Доколку тавата е доволно голема, додајте уште 500 мл вода, а во спротивно состојките од тавата ставете ги во тенџере.
5. Штом сосот зоврие во тавата додајте ги парчињата стек и продолжете со варење за време од 5 минути.
6. Во меѓувреме пригответе го пирето. Во тенџере на оган ставете ½ литар вода да се вари. Штом водата зоврие додајте сол и тргнете го тенџерето од огнот.
7. Во тенџерето додајте ги млекото и содржината од кесичката за пирето. Измешајте и додајте го путерот. Оставете го пирето околу 10-тина секунди.
8. Во чинии ставете од приготвеното пире од компири, парчињата стек и додајте од сосот.

***Декорирајте со гранчиња свежо нане. На здравје!***


DAFINKA
CRN PIPER
MELEN
vitaminka
KOMPIR
PIRE
INSTANT
Krem supa
od šampinjoni
à la Crème


НОВА АМБАЛАЖА
Ketchup
TOMATO
vitaminka


НОВ
ПРОИЗВОД
vitaminka
BIKARBONA
SODA
BEZ ALUMINIUM
PA ALUMINI

# АГОЛ ЗА ЗАБАВА И КРСТОЗБОР

| ЕНИГМАТИКА | ЗНАК, ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ | ГРАД ВО ФРАНЦИЈА | МУСЛИМАНСКО МАШКО ИМЕ | РЕНДГЕН | МИЛОСТ (РАЗГ.) | НИКОЛА КАРЕВ | ВЕСТ, АБЕР | ПРОТЕСТАНТСКИ СВЕШТЕНИК | РЕЧЕН ОСТРОВ | НАШ ФУДБАЛЕР, СТЕВИЦА | ВИД ТКАЕНИНА | ПОРТУГАЛСКИ ФУДБАЛЕР | ДВЕ БУКВИ | БРОДОВИ ЗА ВЛЕЧЕЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПРОТИВНИК ПРИ ТРЕНИНГ | | | | | | | | | | | | | | |
| ГРЧКИ ОСТРОВ | | | | СТАВАЊЕ ВО МАГАЦИН / МЕРКА ЗА ТЕЧНОСТ (МН.) | | | | | | | | | | |
| НЕРАЗВИЕНА ВОШКА | | | | | | УБИЕЦ ОД ЗАСЕДА / ФИЛМ СО ИТА РИНА | | | | | | | МЕТАР / ГРАД ВО КАНАДА | |
| НЕУТРОН | | ХОЛИВУД. АКТЕРКА / ПРОИЗВЕДУВАЧ НА СТРУЈА | | | | | | | СПОЈ НА АНАТОМ. ЕЛЕМЕНТИ / ГРАД ВО ФРАНЦИЈА | | | | | |
| АНА ТЕМКОВА | | | КАЛИУМ / ДРУШТВО ЗДРУЖЕНИЕ | | РАДИУС / СЕЛО КАЈ СВЕТИ НИКОЛЕ | | ПРЕКАР НА ОЛИВЕР ХАРДИ / РЕНДГЕНТСКИ ПРЕГЛЕД | | | | | МЕРКА ЗА ПОВРШИНА / ДРЖАВА ВО ЕВРОПА | | |
| ХРВАТСКИ ФУДБАЛЕР ВО РЕАЛ МАДРИД | | | | | | | | | | | СИМБОЛ НА ЖИВОТ ВО СТАР ЕГИПЕТ / АНГСТРЕМ | | | |
| ВИТАМИНКА | ВИД КОЛАЧ (МН.) | | | | | | | КИСЛОРОД / ПРВАТА БУКВА | | ГЕРМАНСКА ТЕНИСЕРКА, ХУБЕР / АМЕРИКАН. АРТИСТ, САВАЛАС | | | | |
| ВИТАМИНКА | ПОЗНАТО МАСЛО ЗА ЈАДЕЊЕ | | | | | | | | | | ЕДЕН ТОНСКИ РОД / УНГАРСКИ СЛИКАР, ЛАСЛО | | | |
| ВИТАМИНКА | НАУКА ЗА СВЕТЛИНАТА | | | | | | | ХРВАТСКИ РАКОМЕТАР, ИГОР | ЕПСКО ДЕЛО (МН.) / КОСИ ПЕЧАТАРСКИ БУКВИ | | | | | |
| ВИТАМИНКА | СЕЛО ВО СКОПСКО / РИМУВАЊЕ НА ИСТ НАЧИН | | | | | | | | | | | | | ГЕРМАНИЈА |
| ХОЛИВУДСКА АКТЕРКА (ЕДИТ ПЈАФ) | | | | | | | | | | | | | | |
| ПОКАЗНА ЗАМЕНКА | | | | ЕДВАРД ГРИГ | ФК ОД БЕЛГРАД | НАРОДНИ ТАНЦИ | | | | | | | | |
| ГЕРМАНСКИ ФУДБАЛЕР, ГИНТЕР | | | | | | ШЕШИР КАЈ СТАРИТЕ ГРЦИ / НАША МУЗИЧКА ГРУПА | | | | | | | | |
| ЈАПОНСКА ВЕШТИНА НА ПРАВЕЊЕ ФИГУРИ ОД ХАРТИЈА | | | | | | | | ИТАЛИЈА / ИЗОТОП НА ОЗОНОТ | | | | | | |
| БЛАЖЕНСТВО | | | | МАНАСТИРСКИ УЧЕНИК / ЕКС ЈУ АКТЕРКА, ЕВА | | | | | | | | | | |
| ВЕШТ, СНАОДЛИВ | | | | | КОЦКИЧКА ЗА ИГРА / ЈАН ТИМАН | | | | ИНДИРА ГАНДИ | | | | | |
| МЕРИЛИН ОТИ | | | СВЕТА (ТУР.) / МЕТАР | | | | АНГЕЛИНА ИВАНОВА / ОБЕМ | | | | | | | |
| АМЕРИКАНСКИ ПЕЈАЧ, ЛУИС | | | | | | | | | | | | | | |




СПАРИНГПАРТНЕР, ИОС, СКЛАДИРАЊЕ, ГНИДА, АСАСИН, М, Н, МЕВЕСТ, ТКИВО, АТ, К, Р, ОЛИО, АР, ЛУКА МОДРИЌ, АНК, РОЛАТИ, О, АНКЕ, БРИЛИЈАНТ, ДУР, ОПТИКА, ЕПОВИ, ГОРНО СВИЛАРЕ, МЕРИОН КОТИЛАРД, ОНА, ОРА, НЕЦЕР, ПИЛ, ОРИГАМИ, И, РАЈ, ДИЈАК, ИТАР, ЗАР, МО, АЈА, АИ, АРМСТРОНГ.

vitaminka

# ATLANTIS

*Chocolate sea shells*




www.vitaminka.com.mk